# DO CREATE! CO CREATE!

**SKOPJE KREATIVA**
04-06.05.2017, MKC, Skopje



## Почитувани,

Пред нас е уште едно издание на фестивалот на креативни индустрии „Скопје креатива 2017“, кој годинава се одржува во Младинскиот културен центар од 4 до 6 мај, под мотото „Креирај! Ко-креирај!“ („Do Create! Co-create!“).

Годинава, во рамките на Фестивалот, публиката ќе има можност да види програма што опфаќа повеќе аспекти на креативните индустрии, и тоа преку преку: презентација на поддржани проекти, работилници, форуми, презентации, предавања, работилници од проектот „Инфо@млади и креативни“, изложби, музичка програма, на кои учествуваат домашни и меѓународни експерти и професионалци од областа на креативните индустрии.

Овој Фестивал, кој се одржува со целосна поддршка и под покровителство на Град Скопје, е во организација на Конгресниот центар „Александар Македонски“ и е дел од Програмата за развој и поддршка на креативните индустрии на Град Скопје. Годинешниов Фестивал, исто како и претходните, ни докажува дека градот Скопје нуди големи потенцијали од аспект на развој на креативните индустрии во кои се содржани креативниот, уметничкиот, образовниот, интелектуалниот, технолошкиот и економскиот потенцијал во едно општество, а без кои не можат да егзистираат креативните индустрии како нова и растечка гранка во општеството.

Како што е веќе познато, креативните индустрии се базирани на индивидуална креативност, вештини и талент и создаваат можност за економски капитал и нови работни места, преку развој на интелектуалната сопственост. Познато е дека креативните индустрии придонесуваат кон зголемување на локалните економии и појавата на нови економски активности и подобрување на атрактивноста на регионите и градовите во Европа и светот.

Затоа, Градот Скопје ги препозна и ги интегрираше креативните индустрии во својата програма за работа, бидејќи овој сегмент од општеството придонесува кон развојот на иновативноста, културната инфраструктура, креативните услуги, образованието, технологијата, медиумите, што е секако предизвик за остварување, за нашиот град да стане конкурентен со другите европски и светски градови.

## Ladies and gentlemen,

We have yet another edition of the Festival of Creative Industries "Skopje Kreativa 2017" ahead of us. Taking place in the Youth Cultural Centre from 4th to 6th May, the moto of this year's festival is "Do Create! Co-create!".

As part of this year's festival, the audience will be able to follow a programme that entails various aspects of the creative industries, including numerous project presentations, workshops, forums, lectures, exhibitions, music events, each of the presented by national and international experts and professionals in creative industry field.

This festival, which if fully supported by the local government of the City of Skopje, is organized by the Congress Center "Aleksandar Makedonski" and is part of the programme for support and development of the creative industries of Skopje. This year's festival, just like the ones before, proves that the city offers great potentials when it comes to supporting the development of these industries, along with the creative, artistic, educational, intellectual, technological and economic potential of our society, without which the creative industry, as a young and growing branch of the society, would not be able to sustain.

It is a well-known fact that creative industries are largely based on individual creativity, skills and talent, while the growth of intellectual property creates possibilities for economic earnings and new job positions. What is more, creative industries contribute to the increase and improvement of local economy and the creation of new economic activities, thus enhancing the attractiveness of the region and the cities in Europe and the world.

For these reasons, the City of Skopje has recognized and integrated the creative industries in its work programme as this social segment plays are vital role in innovation development, culture infrastructure, the development of the creative services, education, technology and media. It is our challenge to achieve this and rise Skopje to the levels of the cities Europe and the world.

**Градоначалник ,**
**Коце** Трајановски

**Mayor of the City of Skopje,**
**Koce** Trajanovski

Конципирање и организирање на фестивал не е едноставна работа – одговорна е, многу одговорна и прекрасна ангажираност. Скопје Креатива – фестивал за развој на креативните индустрии во земја со скромно производство и минимална индустрија, одразува контрадикторен предизвик за натамошен развој на Фестивалот во насоки кои ја зацврстуваат и промовираат локалната платформа на уметноста, дизајнот и креативните индустрии. Ако лани научивме многу за важноста на контекстуалните меѓународни, регионални и локални партнерства и важноста на нивната нега, трасирање и развој на односите и соработките, оваа година се обидуваме да ги поврземе заедниците на бизнисот со заедниците на уметноста и дизајнот за заемна соработка и да им покажеме на бизнисмените дека добрата уметност и конструктивниот дизајн нема да ги изигра. Освен фестивалската помош, потребна е наменска поддршка од бизнис-заедницата преку заемни креативни проектни соработки (развој на идеја во прототип, награди, стипендии, ко-финансирање... ). Самодоволноста на заедниците ги испостува нивните капацитети изолирани во сопствените професионални рамки. Оттука, не се плашете и креирајте! Отворете се и ко-креирајте, на тој начин поуспешно ќе ги решавате старите и новонастанатите проблеми во средината која нè опкружува, проблемите кои врескаат да бидат решени.

Conceptualizing and organizing a festival is certainly not a simple task. On the contrary, it is quite a responsible job, however, it is also highly satisfying. Skopje Kreativa – a festival that centers the development of creative industries in a country with modest production and industry, becomes a contradicting challenge for the further growth of this festival in directions that would strengthen and promote local art, design and creative industry platforms. Last year, we learned of the immense importance of contextualized international, regional and local partnerships, their maintenance, tracing and the development of co-relations and collaborations. This year, it is our great desire to connect business communities to art and design communities and thus initiate mutual collaborations to demonstrate and show the business community that when it comes to high-quality art and constructive design, there can never be loss. Despite festival aid, the need for targeted support in the form of mutual project collaborations (development of prototype ideas, awards, scholarships, co-financing) from the business community is even greater. Self-sufficiency in the field of business can exhaust their capacities, causing them to become isolated within their professional boarders. Therefore, do not be afraid and create! Open your mind and co-create, because that way you can have the chance to learn and become able to solve the difficulties in the environment that surrounds us. Find the power needed to solve these difficulties which are simply begging to be resolved!





**Иванка** Апостолова,
**програмски директор, Скопје Креатива 2017**

**Ivanka** Apostolova,
**Programme Director, Skopje Kreativa 2017**

**Иван** Мирковски,
**куратор на Скопје Креатива 2017**

**Ivan** Mirkovski,
**Curator of Skopje Kreativa 2017**

Креативниот процес е неминовен и составен сегмент од секојдневното живеење. Човекот, со секој свој потег, со самиот концепт на соживот, несвесно учествува во чинот на креација. Уште во антиката, енергијата која била основна компонента во создавањето на градовите, во остварувањето на соработка помеѓу различни ентитети, била наречена синекизам (synoecism), односно живеење во заедништво за повисоки цели. Протагонистите кои го етаблирале тој мисловен концепт поставиле тези дека токму таа соработка е круцијален фактор во развивањето на интелектуалниот дискурс. Младите креативни умови во Македонија имаат потреба од платформа, отворена, подготвена за соработка, подготвена за вмрежување, која ќе го поддржи тој потенцијал. Токму тука, на ова поле кое веќе шеста година Град Скопје и Конгресниот центар „Александар Македонски“ неуморно го етаблираат, се очекува да започне процесот на создавање, односно процесот на соработка. Заемното и синхронизирано делување на младиот креативен потенцијал заедно со бизнис-заедницата е клучен фактор на тоа создавање! Креативните индустрии се општествен капацитет, think tank на идеи кој секогаш е релевантен двигател на градот, но во исто време е и катализатор кој отвора нови полиња на комуникација со светот. Оттука и идејата која годинешнава тема на фестивалот за креативни индустрии Скопје Креатива 2017, „Креирај! Ко-креирај!“ ја поставува пред граѓаните, треба да генерира предизвици, да создаде нови и свежи методолошки пристапи кон самиот концепт на соработка.

The creative process is an essential segment of everyday life. With each taken step, with the concept of cohabitation itself, human beings unconsciously contribute to the act of creation. Since ancient times, the energy which was the fundamental component of city creation, the collaboration establishment among various entities, was called synoecism – cohabitation for the purpose of achieving higher goals. The protagonists that founded that mental concept, have set the thesis that this type of collaboration is crucial to the development of intellectual discourse. The young and creative minds of Macedonia have the necessity of an open platform, that would provide them with the possibility of collaboration and networking. A platform that would support their potential. That is why, the City of Skopje and the Congress Center “Aleksandar Makedonski”, have been working tirelessly for the past six years, to establish this field, expecting to initiate the process of creation and collaboration. Mutual and synchronized activation of the youth’s creative potential, paired with the business community, is the key to achieving these goals! The creative industries are certainly social capacity, a think tank of ideas which is the city’s drive and a catalyst that opens a window of communication to the rest of the world. That is where the idea for the topic of this year’s Festival of Creative Industries, Skopje Kreativa 2017, was conceived. “Do-create! Co-create!” will generate new challenges and create new and fresh methodological approaches towards the concept of collaboration itself.



# Франк Циренберг

**iF Меѓународен Дизајн Форум GmbH**
Директор на проектот iF Награда за Дизајн/
Менаџер на претставништва/ Менаџер за меѓународни односи

# Frank Zierenberg

**iF International Forum Design GmbH**
Project Director iF DESIGN AWARD/
Representative Office Manager/International Relations Manager

**Г- дин Франк Циренберг** ќе го претстави **iF Меѓународниот Дизајн Форум**, неговата 64-годишна историја, како и нивните бројни активности, посветени на поддршката кон меѓународната дизајн заедница. Фокусот на оваа презентација ќе биде насочен кон престижната iF Награда за Дизајн; глобалната дизајн платформа, iF WORLD DESIGN GUIDE; iF Наградата за Дизајн Таленти наменета за студенти и iF Наградата за Општествен Придонес. Г-дин Циренберг, исто така, ќе даде приказ на мноштво опции за тоа како јавноста би можела да ги искористи услугите на iF за поддршка на нивните кариери и градење на нивниот бренд. CV: По стекнувањето на својата универзитетска диплома по Индустриски Дизајн при Универзитетот на Применети Науки и Уметности во Хановер во 2003 година, Франк Циренберг почнува да работи за iF Меѓународниот Дизајн Форум. Тој успешно ја зачнува, организира и спроведува идеата за iF Наградата за Дизајн во Кина, која се одржува осум години по ред, се до 2010, како и iF Наградата за Дизајн на Пакувања и iF Наградата за Дизајн на материјали. Во 2012 тој ја добива одговорноста да ја спроведе најпрестижната iF награда: iF Наградата за Дизајн. Покрај менаџирањето на iF DESIGN AWARD наградите, тој работи и како координатор на iF претставништвата во Бразил, Индија, Холандија, Турција, Кореа и Јапонија, а покрај тоа се грижи и за воспоставување и одржување на односите со меѓународни клиенти на iF.
Тој е во брак, живее во Целе, Германија и има две деца.

Mr. Frank Zierenberg will introduce the **iF International Forum Design** with its 64 years history and its various activities to support the international design community. A focus on the presentation will be on the prestigious iF DESIGN AWARD, the global design platform iF WORLD DESIGN GUIDE, the iF DESIGN TALENT AWARD for students and the iF Social Impact Prize. Mr. Zierenberg will also show various options on how the audience can use the services of iF to support their career or building their brand. CV: After receiving his university diploma for industrial design in 2003 from the University of Applied Sciences and Arts in Hannover Mr. Frank Zierenberg has been working for the iF International Forum Design. He has successfully conceived, organized and conducted the iF design award China, which was held for eight times until 2010, as well as the iF packaging design award and the iF material design award. In 2012 he took over the responsibility for the most prestigious of the iF awards: the iF DESIGN AWARD. Next to managing the iF DESIGN AWARD he also serves as the coordinator of the iF representative offices in Brazil, India, The Netherlands, Turkey, Korea and Japan as well as takes care of international client relations. He is married, lives in Celle, Germany and has two children.



# **Микал** Пиерниковски
**Предавање** за програмата и проектите на Лоџ Дизајн Фестивал, Полска

# **Michal** Piernikowski
**Lecture**: Program and projects of Lodz Design Festival

**Микал Пиерниковски, Директор на Лоџ Дизајн Фестивал**. Ентузијаст за урбани активности и дизајн. Организатор и ко-организатор на бројни проекти од областа на креативните индустрии, вклучувајќи ги: Ad Days Адвертајзинг Фестивал, Конференција за Креативни Индустрии, Арт Инкубатор и Фото-Фестивал. Ко-основач на Лоџ Арт Центарот, член на тим посветен на активности чија цел е промоција на дизајнот во негова поширока смисла во Лоџ, Полска.

**Michal Piernikowski (Lodz, Poland)** is director of Lodz Design Festival. Enthusiast of urban activities and design. Organiser and co organiser of many projects related to creative industries, including: Ad Days Advertising Festival, Creative Industries Conference, Art Inkubator and Fotofestival. Co founder of Lodz Art Center; member of a team engaged in activities aimed at promoting the design in its broad sense in Lodz, Poland.



# **Дорина** Арапи
# **Dorina** Arapi

## Дизајн помеѓу вакуум и енергија
(Случајот со Универзитетот ПОЛИС од Тирана, Албанија)

Барања за естетска теорија за уредување на град како Тирана; чудесни слики од Тирана во реален бетон. Следејќи ги теориите на социолозите, можеме ли да кажеме дека односите помеѓу значењето и конечното стануваат понесигурни кога градот ќе биде обликуван според културните и естетските модели кои се третираат како успешни? Или како контраст на ова, можеме ли да кажеме дека референтен модел е оној кој недостасува? Универзитетот Полис се фокусира на ова прашање, и Универзитетот Полис е појдовната точка.

**Дорина Арапи** е докторски кандидат по Етнологија, со извесни интереси во Материјалната култура и Историја на фолклорните одежди во Албанија за време на доцно Отоманскиот период. Таа е магистер по Ликовни уметности (Академија за ликовни уметности, Фиренца, Италија). Од неодамна таа работи како универзитетски предавач и музејски куратор за Средновековна уметност и Поствизантиски колекции во Националниот историски музеј во Тирана. Нејзините истражувачки интереси се со фокус на историја на уметност, историја на облекувањето, музеографија и уметност. Таа учествуваше во различни меѓународни научни симпозиуми во Италија, Унгарија, Албанија, Турција, Бугарија... Истовремено учествува на меѓународни уметнички изложби, како што се Графичките биеналиња во Италија, Португалија, Црна Гора, Малта, Египет, Србија и др.

## Design Between Vacuum and Energy
(The case of POLIS University in Tirana, Albania)

Sets requirements for an aesthetic theory of a city form like Tirana; wonderland images in a real - concrete Tirana. Following the theories of the sociologist, can we say if that the more uncertain the relationship between means and ends and the greater the extent to which city will be modeled after cultural and aesthetic models perceived as successful? Or as a contrary to this, can we say that “the missing model” is the reference? Polis University focuses on this, and Polis University is the Starting Point.

**Dorina Arapi** is a Ph.D. candidate in Ethnology, with particular interests in Material Culture and History of folk dress in Albania during late Ottoman centuries. She holds a master’s degree in Fine Arts from Academy of Fine Arts in Florence, as well a master degree in Visual Arts and Disiplines of Art Performance from Academy of Fine Arts in Florence, Italy. Most recently, Dorina worked as a university lecturer and as a museum curator of Medieval Art and Postbyzantine Collection at the National Historical Museum in Tirana. Her research interests center on issues about History of Art, History of Dress, Museography and Art. She has participated in various international scientific symposiums as in Italy, Hungary, Albania, Turkey, Bulgaria etc. At the same time she has participated in international artistic exhibitions, mostly in Printmaking biennals as in Italy, Portugal, Montenegro, Malta, Egypt, Serbia etc.

# Виртоскоп

**Интелигент нетворк солушнс – ИНС**

# Virtoscope

**Intelligent Network Solutions - INS**

Виртоскоп е веб-платформа за едукација со помош на виртуелна реалност (ВР). Преку виртоскоп ќе се овозможи генерирање и креирање на ВР училници преку коишто ќе може да се презентираат ВР содржини како 3Д објекти, 3Д сцени и панорамски 360 слики, а сите ќе бидат достапни за преглед преку кој било смартфон и ВР хардвер (на пр. Google Cardboard). ИНС / INS се ИТ фирма; нудат услуги и развој на моќни ИТ решенија, соработки со вешти ИТ техничари и консултации во доменот на проект менаџмент и дизајнирање на системи. www.ins.com.mk

Virtoscope is a Virtual Reality (VR) educational web platform. Virtoscope aims to allow generation and creation of VR classrooms through which VR content can be presented, including 3D objects, 3D scenes, panoramic 360 images. All of these will be available for viewing on any smartphone and VR hardware (for ex: Google Cardboard). INS is IT firm; they offer services in developing powerfull IT solutions, outsourcing skilled IT tehnicians, and consultancy in project management and system design. www.ins.com.mk






# #МАкедонскаМушичКА
## Доминиум
# #MAcedonianFly
## Доминиум

### Инсталација и изложба на прототипи

**Тим**:
Марија Милошевска, етнолог, уметнички директор на ЗГ **Доминиум**,
Катерина Ѓероска (технолог - текстилен инженер),
Кристина Богеска (архитект),
Емилија Лазаревска (ликовен уметник-конзерватор).

Проектот за првпат во Македонија ги презентира дизајн-производите испирирани од занаетот на изработка на мушичка за риболов во рамките на креативните индустрии. Дизајнираните производи со наслов#МАкедонскаМушичКА се фокусираат на историското и културното богатство на Република Македонија и за маркетиншки цели го користи фактот за првото пишано сведоштво за постоење на рибарска мушичка кое потекнува од овие простори. Овој бренд се состои од низа уникатни мушички кои надополнети и комбинирани со филигранската техника добиваат нова додадена вредност. www.dominium.mk

### Prototype Installation and Exhibition

**Team**:
Marija Miloshevska, ethnologist, artistic director of 3G Dominium,
Katerina Gjeroska, technologist - textile engineer,
Kristina Bogeska, architect,
Emilija Lazarevska, visual artist – conservator.

For the first time in Macedonia, this project introduces design products, inspired by the craftsmanship behind the creation of fishing flies in the sphere of creative industries. The products, titled #MAcedonianFly, are focused on the historical and cultural heritage of the Republic of Macedonia and use the fact that the first written documents about the existence of the fishing fly originate from this part of the world, for their marketing purposes. This brand consists of numerous unique flies, which enhanced a filigree technique, gain special value. www.dominium.mk





# Тактилис
## Taktilis

**Тим**:
Маја Ѓуреска (моден дизајнер),
Антонија Гугинска Јорданоска (моден дизајнер),
Тони Пајдаков (секретар во Здружението на слепи лица на Општина Велес).

Тактилис е проект кој се занимава со дизајн на облека за лица со попречен вид. Основна цел на Тактилис е да изнајде дизајн-решенија преку кои на лицата со попречен вид ќе им се помогне и овозможи независно искуство при селекција, комбинирање и купување на облеката. Еднакво значајна цел е изнаоѓањето на начин преку кој на лицата со попречен вид ќе им се доближи естетската тежина на производот.

Team:
Maja Gjureska (fashion designer),
Antonija Guginska Jordanoska (fashion designer),
Toni Pajdakov (Secretary of the Association of blind individuals of the Municipality of Veles).

Taktilis is a project dedicated to the design of clothing items for individuals with visual impairment. Its primary goal is to produce and design solutions which will help and provide visually impaired people with an independent clothes selection, combination and shopping experience. It is equally important to find a way to bring these individuals closer to the aesthetic appeal of the product.



# Мириса на дожд
## Smells Like Rain

**Тим**:
Милена Атанасова – моден дизајнер,
Неда Дамчевска – графички дизајнер,
Ана Јакимска – режисер,
Илија Стефановски – мултимедијален уметник.

**Врне. Не застанувај! Продолжи да возиш велосипед, да скејташ, да пешачиш**... / - Мантил за дожд со современи сечења и доработки. **UNI-SEX** парче кое ќе ги задоволи естетските и функционалните потреби на урбаниот, динамичен човек.

**Team**:
Milena Atanasova – fashion designer,
Neda Damchevska – graphic designer,
Ana Jakimska – director,
Ilija Stefanovski – multimedia artist.

**It's raining. Don't stop! Keep on riding a bike, skateboard, walk** ... / - A raincoat with a contemporary cut and finish. A **UNI-SEX** piece, which will satisfy the aesthetic as well as functional needs of urban and dynamic individuals.



# Imperfections
## Несовршености или грешки

Драган Христов/ЛУДУС, моден дизајнер. Експериментална унисекс колекција, 100% природни материјали (памук, свила, ладна волна). „Несовршености или грешки" е насловот на најновата колекција на македонската модна етикета Лудус. Таа ја разработува темата на најразлични нивоа, идејни и формални, применувајќи техники прибрани од различните сфери на модата, кондензирајќи ги во современ унисекс продукт. ludus.com.mk

Dragan Hristov/LUDUS, fashion designer. An experimental, uni-sex collection, made of 100% natural fabrics (cotton, silk, cold wool). Imperfections, or mistakes, is the title of the latest collection of the Macedonian fashion label, Ludus. The collection deals with the subject on various levels, ideal and formal, by utilizing techniques used in different aspects of fashion, condensing them in one modern, uni-sex product. ludus.com.mk

# Мулти-фан-акција
## Multi-fun-action



MARIGUCCHA - Невена Тодоровска. Прототипи на мултифункционални парчиња облека и аксесоари. Деконструктивизмот се појавува и ги крши сите правила во модата и создава антимода/арт антимода која до ден денес го крши правилото за висока мода, создава еден правец во модата која е двигател за иднината на модата...премногу убавата облека и премногу фино изработената,перфектна и богата облека ги донесе иновативните дизајнери до еден стадиум каде што почнаа да ја уништуваат веќе создадената облека и од тоа да прават повторно нова, но со многу повеќе логика, уметност и филозофија во неа. Токму тука се спојуваат двата поима кои ќе бидат двигатели на колекцијата. Конфузноста од деконструктивизмот ќе добие мултифункционализам. Едно парче облека или аксесоар има повеќе намени... mariguccha.wixsite.com/mariguccha

MARIGUCCHA – Nevena Todorovska. Prototypes of multi-function clothing items and accessories. Deconstructivism appears and breaks the existing fashion rules, by creatinganti-fashion/ art anti-fashion that breaks the rules of high fashion, bringing life to its course, a drive to its future ... clothing items that are too beautifully and finely made, which are perfect and rich, have forced innovative designers to a stage where they have begun destroying already made clothes just to create new ones, however, this time they put in much more logic, art and philosophy in the entire process. This is where the concepts, the drives of the collection, are joined. The confusion arising from deconstructivism will become multifunctional.One piece of clothing or one accessory has multiple purposes... mariguccha.wixsite.com/mariguccha



# Сара Реџиќ
## Sara Redzikj

Женска облека, уникатни и необични креации, изработени од природни материјали. Секое парче претставува посебна приказна. Наменети за ведри и смели девојки коишто имаат изграден стил.

Unique and unusual creations of women's clothing, made of natural materials. Each piece has its own story. The pieces are made for bright and bold girls with established style.

# Подарени дарови – Нешто од мене за вас

Работилница

# "Gifted Gifts" - something from me 2 u...

Workshop



Ментор: М-р Теодор Лихо.
Што ќе научат учесниците на работилницата: Процесот на дизајнирање е индивидуален и тимски – тој е на иста бранова должина. Како да комуницира преку ДИЗАЈНИРАЊЕ, на примамлив начин со јасно изразена порака/цел. Материјали и опрема потребна за работилницата: Хартија и молив за цртање, но не и гума. По желба: 5 чудни + 5 примероци од слики, лепенки, билборди, летоци кои ве инспирираат . МНОГУ ВАЖНО: Не ја заборавајте вашата смисла за хумор. Ќе ви треба!

**Теодор Лихо** (1966, Русе, Бугарија) е уметник и истражувач од Софија, како и професор на Софиската Академија на Уметностите, на насоката за Рекламен Дизајн, кој работи во сферата на графички и изложбен дизајн, стратешко градење на рекламни кампањи, нови медиуми и современи уметнички форми. Теодор Лихо е меѓународен оператор со голем број на самостојни и групни проекти од областа на уметноста и дизајнот во Бугарија, Романија, Холандија, Белгија, Франција, Германија, Србија, Египет, САД, Мексико, Јапонија, Кореа и Кина. Тој е дел од жирито на мноштво меѓународни адвертајзинг натпревари и конкурси од областа на графичкиот дизајн. Consult Graphic Cabinets and Ex-Libris collections. Теодор Лихо ја вршел и функција на предавач-гостин по визуелни уметности и тутор на работилници во Мексико, Холандија, Белгија, Израел и Германија. Неговите дела се дел од 17, 18 и 19та Меѓународна Изложба на Плакати во Колорадо. Теодор Лихо живее и работи во Софија и Брисел.

Workshop Tutor: Theodor Liho, MA.
Participants will learned after workshop: The Design-Process is personal and teamwork on the same frequency!How To communicate via DESIGN in a catchy way, with clear and expressive message/object? Materials/equipment participants is good to have: Drawing paper + pencil, NO RUBBER. OPTIONAL: 5 strange + 5 INSPIRING samples of images/free card/stickers/ billboards or... something from YOUR home city. VERY IMPORTANT: Don't forget to take your full size sense of humor! We will water it~~~

**Theodor Liho** (1966, Ruse, BG) is Sofia based visual artist, researcher and educator in the Sofia Academy of Arts, Advertising Design department, working in the fields of graphic and exhibition design, strategy build of advertising campaigns, new media and contemporary art forms. Theodor Liho has an international carrier with long list of solo and team art & design projects at Bulgaria, Romania, The Netherlands, Belgium, France, Germany, Serbia, Egypt, USA, Mexico, Japan, Korea and China... He is jury member of many international graphic design and creative competitions in advertising; Consult Graphic Cabinets and Ex-Libris collections. Theodor Liho was guest lecturer in visual arts and workshops tutor in Mexico, The Netherlands, Belgium, Israel and Germany. His works are part of 17,18 and 19 CIIPE -2015(Colorado International Invitational Poster Exhibition). Theodor Liho lives and works in Sofia and Brussels.



# Експресивна типографија

работилница

# Expressive typography

Workshop

Инспирација: Типографијата е еден од најбитните елементи во дизајнот. Таа ја пренесува пораката преку букви и зборови, но, исто така, може визуелно да го обликува нејзиното значење или емоција. Тоа е кога зборот станува слика. Предизвик: Учесниците избираат збор или кратка фраза и ја визуелизираат во форма на експресивна типографија. Буквите треба да се рачно исцртани и адаптирани, со цел да дадат визуелна форма на значењето на пишаната содржина. Цел: Преку анализа и рачно исцртување на буквите, студентите стануваат повеќе свесни за визуелниот контекст и моќта на експресивната типографија.

**Марија Ветероска** - графички дизајнер, сценограф и ликовен уметник.Таа е доктор на науки. Ветероска активно работи во областа на графичкиот дизајн повеќе од 17 години. Автор е на 26 сценографии од кои повеќето за оперски, но и за балетски, концертни и ТВ продукции.Има поставено 7 самостојни изложби и има учествувано во над 60 групни изложби, во меѓународни рамки. Добитник е на 10 престижни награди за цртеж, графика и дизајн на национално и на меѓународно ниво. Таа е вонреден професор на Факултетот за дизајн и мултимедија на Универзитетот ФОН, каде што ја врши и должноста декан на факултетот. Студенти/учесници по дизајн од Универзитетот ФОН, Оддел за адвертајзинг дизајн (Андреј Коцев, Сара Блажеска, Ели Јорданова, Дијана Јанковиќ, Анастасија Јовческа, Тамара Грозданова, Анастасија Данаилова, Александар Стојков, Иван Мокров). Факултет за дизајн и мултимедија и Софиската академија за уметности (Калина Славина, Марија Крастева, Илијана Николова).

Inspiration: Typography is one of the most significant elements of design. Not only does it send a message through the lettering, and words, it visually forms its meaning and emotion as well. It is a process which transforms the word into an image. Challenge: The participants choose a word or a short phrase and visualize it in the form of expressive typology. The lettering should be handwritten and modified in order to emphasize the visual form of the meaning of the written content. Objective: Through analysis and handwriting the letters, the students become more and more aware of the visual context and power of expressive typology. Marija Veteroska is a graphic designer, set designer and visual artist. She is a holder of a PhD degree. Veteroska has actively been working as a graphic designer for 17 years and is an author and designer of 26 sets, including opera, ballet, concert and television production scenography. She is an author of seven solo exhibitions, and has taken part in 60 international group exhibitions. She has won 10 prestigious, national and international, awards for her drawing, graphics and design work. She is an Associate Professor at the Faculty of Design and Multimedia at FON University, where she also works as a Dean of the faculty. Students/participants of Design at FON University, Department of Advertising Design (Andrej Kocev, Sara Blazheska, Eli Jordanova, Dijana Jankovikj, Anastasija Jovcheska, Tamara Grozdanova, Anastasija Danailova, Aleksandar Stojkov, Ivan Mokrov). Faculty of Design and Multimedia, and the National Academy of Art – Sofia (Kalina Slavina, Maria Krasteva, Iliana Nikolova).

# „Јас и ти“ – интерактивна пикселација / перформанс
## “You and I” – Interactive pixilation / performance







**(ДАСТА)** Владимир Димоски, кинематограф.
Соработници на проектот:
Загорка Поп-Антоска Андовска- сценарист,
Ана Алексовска - режисер,
Бобан Алексовски - актер,
Александар Андовски – архитект/сценограф.

„Јас и ти“ е процес на создавање на кусометражен филм со техника пикселација, по однапред напишано сценарио, но со значаен степен на импровизација од страна на актерите. Кога велиме актерите, во делото на Владимир Димоски, покрај професионални актери, ќе биде вклучена и публиката како актер и активен креатор на филмот.

**(DASTA)** Vladimir Dimoski, cinematographer.
Project Collaborators:
Zagorka Pop-Antoska Andovska – scriptwriter,
Ana Aleksovska – director,
Boban Aleksovski – actor,
Aleksandar Andovski – architect/set designer.

“You and I” is a process of creating a short film by the use of pixilation technique, by following a previously written script, but with significant level of improvisation by the actors. In Vladimir Dimoski’s piece, not only will professional actors take part, but the audience will be included as an actor and an active creator of the film as well.

# Работилница за стоп анимација
## Stop Motion Animation Workshop

Ментори:
Кети Талевска, фото/видео продукција,
Стефан Ѓоргиевски, фотограф.

Работилницата е наменета за изработка на стоп анимација (анг. Stop Motion Animation) која е посебна техника за креирање на анимирани видеа. Целта е со помош на фотографии (фотографирање кадар по кадар) да се создаде заедничка видео приказна. www.bitolaphotoclub.com/ facebook.com/FKKBitola/

Mentors:
Keti Talevska, photo/video production,
Stefan Gjorgievski, photographer. This workshop deals with the creation of stop motion animation, which is a special technique of making animated videos. The goal is to create a video story with the help of photography (frame-by-frame photographing). www.bitolaphotoclub.com/, facebook.com/FKKBitola/



# Уметноста на кукленото мајсторство
## The Art of Puppet Mastery

**Изабела Новотни** дипломиран актер
**Љубица Велкова** костимограф

Овој проект е наменет за развивање на имагинацијата и концентрацијата на децата преку изработка на кукли кои ќе ја оживеат нивната фантазија, а со тоа и креацијата во нив. Целта на овој проект е да се развие чувството за кукленото мајсторство и куклениот театар кај нас. За да се дефокусираат најмладите генерации, сметаме дека уметноста може да придонесе за нивниот креативен развој, а особено во школските установи – градинките и основните училишта. Претставување и запознавање со Гињолот и Јавајката, нивното водење и оживување; изработка на кукли од рециклиран отпад со активно вклучување на децата.

**Izabela Novotni**, actor,
**Ljubica Velkova**, costume designer.

This project aims to develop children's imagination and concentration by the means of creating puppets which will bring life to their fantasy and awaken their creativity. The objective is to develop the sense for puppet mastery and puppetry.
To defocus the youth, we believe that art can influence their creative growth, especially in education institutions, such as kindergartens and elementary schools. Introduction to the puppets (Ginjol and Javajka), and how to breathe life to them. Recycled materials puppet making, while actively involving the children.









# Розалии - празникот на розите
## Rosalia – A Festival of Roses

ХАЕМУС – Центар за научно истражување и промоција на културата. М-р Василка Димитровска – археолог. Д-р Лидија Ковачева – класичен филолог. Магдалена Таневска - етнолог и моден дизајнер. **Розалии** - празникот на розите е античка римска прослава која се славела во периодот помеѓу мај и јуни. Како дел од брендот SCUPINI ROMANI на ХАЕМУС, ,,Розалии" имаат за цел промоција и популаризација на културното наследство од римскиот период, но и современите македонски народни празници, верувања и обичаи. Настанот е од едукативен и промотивен карактер и се одвива под мотото на УНЕСКО за Отворени образовни ресурси. haemus.org.mk, scupiniromani.mk, facebook.com/haemus.org.mk

HAEMUS – Centre of Scientific Research and Culture Promotion. Vasilka Dimitrovska, MSc. – archeologist. Lidija Kovacheva, PhD – classical philologist. Magdalena Tanevska – ethnologist and fashion designer. **Rosalia** – the festival of roses is an ancient Roman celebration, which took place between the months of May and June. As part of the brand SCUPINI ROMANI of HAEMUS, "Rosalia" aims to promote and popularize the cultural heritage of the Roman era, but also the contemporary Macedonian national celebrations, beliefs and customs. The event will be of educational and promotional character, and will be performed under UNESCO's moto for Open Educational Resources. haemus.org.mk, scupiniromani.mk, facebook.com/haemus.org.mk

# Разгледници од Македонија
## A Post Card from Macedonia

**Вера Христовска**, дизајнерка и фотографка. Мала книга со димезнии 12x17 см, меки корици. Книгата со разгледници е проект за претставување на мотиви од Македонија, интересни и привлечни како за нашата публика, така и за странската јавност. Книгата би содржела фотографии од детали на локации или карактеристични македонски мотиви и комбинација од неколку етно цртежи, карактеристични за нашата етно традиција. Всушност, пакет на разгледници, спакувани во формат на мала брошура, служејќи за запознавање на македонската култура и поседувајќи спомен за неа, кој би се пренесувал на генерации и култури.

verahristovska.blogspot.mk/

**Vera Hristovska**, designer and photographer. A small book, sized 12x17 cm, with soft covers.
The book of post cards is a project that aims to present Macedonian motifs, which are interesting and appealing to both Macedonian and International audience. The book is made of pictures of location details and characteristic Macedonian motifs and combinations of several ethno drawings, characteristic of our ethnic tradition. It is a package of postcards, in the form of a small booklet, which serves to introduce Macedonian culture and as a small monument to be passed on from generation to generation, and from culture to culture.

verahristovska.blogspot.mk/







# Играчките на д-р Бре
## Dr. Bre’s Toys

**Јордан Николов**, писател, музички продуцент и диск-џокеј. Збирка раскази со вклучено музичко це-де со авторска музика на писателот. Замислени како музички секвенци, расказите од збирката „Играчките на д-р Бре“ брзо прескокнуваат од една тема на друга, меѓутоа никогаш на начин на кој нешто ќе остане недокажано. Напротив, во манир на искусен раскажувач, авторот го исцрпува точно она што е потребно од наративниот објект, и го преточува во ефективен наративен фрагмент. При сево ова важно е да се напомене дека изборот на ваквата техника кај Николов не е воден од потребата неговото дело да се најде под паролата на којашто е испишано постмодернизам, туку од една искрена желба двата омилени уметнички израза (книжевниот и музичкиот) да се сретнат во убаво и ненаметливо созвучје. soundcloud.com/byordan/ facebook.com/jordan.nikolov.byordan /twitter.com/byordan

**Dr. Bre’s Toys**
**Jordan Nikolov**, writer, music producer and DJ. A collection of short stories with an included original music CD. Conceived as a music sequences, the short stories from the “Dr. Bre’s Toys” collection, quickly shift from one subject to another, never leaving anything unsaid. On the contrary, as an experienced storyteller, the author captures exactly what is needed from a narrative outlook and implements it into an effective narrative fragment. Taking this into account, it is important to note that Nikolov’s choice of technique is not driven by the need for his work to appear under the movement postmodernism, but rather by his sincere desire to combine two favorite artistic expressions (literary and musical) as one beautiful and humble melody. soundcloud.com/byordan/ facebook.com/jordan.nikolov.byordan /twitter.com/byordan

# Природата нè повикува
## The Nature is Calling Us

Зорица Стојанова и Давид Исијанин, **студенти на Факултетот за арт и дизајн – ЕУРМ**.
Ментор: проф. д-р Гордана Вренцоска.
Асистент-ментор: м-р Александра Јовановска.
Асистент-ментор: м-р Благојче Наумоски и група студенти од Факултетот за арт и дизајн.

3Д улична слика - „Природата нè повикува" е првата3Д улична слика во Скопје, наменета за јавниот простор на градот. Целта е да се сврти вниманието на младата популација кон убавините на природната околина и да се насочи кон спортот, здравиот живот и дружењето. Идејата на авторите е да испратат порака дека мобилните телефони треба да ни служат за контактирање и за комуникација, а не за изолација и робување на социјалните мрежи.www.eurm.edu.mk

Zorica Stojanova and David Isijanin, **Students of Art and Design at European University** of Republic of Macedonia.
Mentor: Professor Gordana Vrencoska,
PhD Assistant Mentor: Aleksandra Jovanovska,
MA Assistant Mentor: Blagojche Naumoski, MA and a group of students of the Faculty of Art and Design

3D Street Picture - "The Nature is Calling Us" is the first 3D street picture in Skopje, designed to be displayed in the city's public space. The goal is to grab the attention of the youth and direct it to the beauty of nature and the environment, sports, healthy lifestyle and socialization. The authors' idea is to send a message that the mobile phones need to be used for solely for purpose of contact and communication, and not for isolation and social media slaving.
www.eurm.edu.mk





# Црната аурора
## The Black Aurora

**Владимир Благојевиќ** цртеж
**Ивица Дукоски** текст

На Скопје Креатива со гордост го претставуваме пилот-изданието од стрип-серијалот „Црната аурора". Нашата приказна започнува во моментот кога над Скопје се појавува темен облак од ѕвездена прашина. Никој нема објаснение за овој феномен („Црна дупка? НЛО? Порта кон пеколот?"), освен Ален Корбин кој се плаши дека Црната аурора е само почеток на нешто многу (многу!) поголемо.
www.theblackaurora.com

**Vladimir Blagojevik** drawing;
**Ivica Dukoski** text

We are proud to present the pilot edition of the comic book series "The Black Aurora" on Skopje Creativa. Our story starts when a dark cloud of star dust hovers over Skopje. Nobody can explain this phenomenon ("A black hole? A UFO? A gate to hell?") - nobody but Alen Korbin who fears that the Black Aurora is merely the beginning of some-thing much (much!) bigger.
www.theblackaurora.com




# Маг
## Mag

Иван Пешевски – архитект
Андреј Миневски – вајар
Александра Костовска и Елена Стојанова – студенти на архитектура

Парчиња мебел кои стилски се надополнуваат едно со друго и поставени заедно формираат интересна целина, замислена како катче за релаксација и читање. Изработени се од дрво (орев), метал и тапацир. Фотелја во варијанта со и без потпирач за раце, клуб-маса и стоечка ламба со нагласени остри линии и строг израз.

Ivan Peshevski – architect
Andrej Minevski – sculptor
Aleksandra Kostovska and Elena Stojanova – stuednts of architecture

The pieces of furniture which complement each other and form an interesting ensemble together. They are envisioned as a corner, a nook for reading and relaxation. They are made of wood (walnut), metal; and fabric. An armchair, with or without armrests, a coffee table and a floor lamp with accentuated, sharp lines and stern expression.




# Светлосна врска
## Light Bond

**Елена Диновска Зарапчиев** графички дизајнер

Светлосна врска е проект кој опфаќа 7 светлечки тела - ламби од кои 4 се на ногарки и 3 се висечки. Ламбите се изработени од медијапан и дрво. Инспирацијата за изработка на овие ламби лежи во геометријата и најсовршените елементарни геометриски фигури, во овој случај триаголникот. Со мултиплицирање на триаголниците се добиваат многу нови форми кои се користат како абажури и се изработени од висококвалитетен медијапан. Во најновата колекција има повеќе модели и тоа ламби на ногарки и висечки лустери. Ламбите имаат минималистички дизајн и создаваат атипичен амбиент бидејќи креираат бесконечна игра на сенки и придонесуваат за дополнителна топлина во просторот. facebook.com/svetlosnavrska

**Elena Dinovska Zarapcheiv** graphic designer

Light Bond is a project that involves seven light fittings – lamps, 4 of which have trestles and 3 are suspended. The lamps are made of MDF (medium density fibreboard) and wood. The inspiration to create these laps lies in geometry and the most perfect, basic geometric figures – in this case, the triangle. By multiplying the triangles, new shapes are created and they are used as lampshades, made of high-quality MDF. The latest collection is made of a many models of lams with trestles and hanging chandeliers. The lamps have a minimalistic design and produce an a-typical ambience by creating an infinite game of shadows, bringing warmth to the space. facebook.com/svetlosnavrska

# Транспарентни сенки – инсталација
## Transparent Shadows – installation



**Јулија Манојлоска**, ликовен уметник, **Андреј Миневски**, скулптор. Станува збор за дело кое има еден модерен концепт, приказ на три филозофски теми - верба, надеж и љубов. Сето тоа е прикажано преку транспарентни тродимензионални инсталации од плексиглас во елипсовидна плосната форма во која има минималистички и минијатурни скулптури од дрво и жица. Тие скулптури ги симболизираат трите важни вредности. Покрај тоа, на изложбата целиот впечаток ќе биде надополнет со осветлување - сензации на светло-сенка. www.facebook.com/manojlovska.julija

Julija Manojloska, visual artist , Andrej Minevski, sculptor. It is a contemporary conceptualized piece, representing three central philosophical themes – faith, hope and love. These are represented by transparent, three-dimensional, flat, elliptical installations made of plexiglass, embedded with minimalistic and miniature wooden and wire sculptures. The sculptures are depiction of the three important values. Additionally, the exhibition will be enhanced and enriched by lighting and sensations between light and shade. facebook.com/manojlovska.julij



# Артист3ДХ – Скопје
## Artist3DX - Skopje

Артист3ДХ е друштво за применета уметност, од Скопје. Изработуваат декоративни релјефи за на ѕид, иконостаси, рекламен материјал (промотивни производи), макети, уникатни предмети кои имаат примена во ентериер. Изработуваат скулптури од железо, дрво, гипс, полиестер... декоративни релјефи за ентериер - рачно изработени, моделирани и лиени. Релјефите се со флорални мотиви и мотиви од секојдневниот живот.

Artist3DX is an applied art production association, from Skopje. Its primary activity is to create decorative reliefs, iconostasis, promotional materials, models, unique items to be displayed and used in the interior. In addition, sculptures of metal, wood, gypsum and polyester are another form of art created by Artist3DX.

# Фотографија-објект
## Photo-object

**Фотографија-објект**Мартин Манојлоски, студент. Михајло Павичевиќ, студент. Делото Фотографија-објект вклучува имитација на двостран ѕид кој на едната страна содржи современи фотографии, со современа тематика, а на другата страна контрадикторно-ретро, црно-бели фотографии. Сите фотографии содржат тродимензионален елемент плус, кој го надополнува концептот и дава една друга димензија на фотографијата како медиум.

Martin Manojloski, student. Mihajlo Pavichevikj, student. The Photo-object piece involves and immitation of a double-sided wall. On the one side, there will be contemporary photographs, with contemporary themes, while on the other side there will be a contradictory- retro, black and white photographs. Each photo contains three dimensional element plus which enriches the concept and gives another dimension of photography as a medium.





# Makondino
## Макондино

МАКОНДИНО е креативно производствено друштво. Изработуваат декоративни часовници, рамки за слики, магнети, табли, модни додатоци, промотивни производи. Со помош на ласерската технологија секој производ се расекува во вид на сложувалка, и понатаму рачно се обојува, декорира и составува до краен производ. Изработката е од дрво, шпер плоча, МДФ, филц и други природни материјали, а за боење се користат исклучиво еколошки производи.
makondino.com

MAKONDINO is a creative production association. Decorative clocks, picture frames, magnets, boards, fashion accessories and promotional products, are just a small part of MAKONDINO's selection. By the means of laser technology, each product is cut in the form of a puzzle, which is later painted, decorated and assembled into a final product. The items are made of wood, plywood, MDF, felt and other natural materials, and painted exclusively with eco products.
makondino.com

# НОВА Меѓународно училиште, Скопје
## NOVA International School, Skopje

Изложба на ученички дела „**Создава-старо во ново**“
1.Диптих на дрво, Без наслов, димензии150x80 см, комбинирана техника, направено од Андреа Велковска. / 2.Диптих на картон, Без наслов, димензии 100x70 см, комбинирана техника, направено од Андреа Велковска. / 3.Висечка форма/фустан, Без наслов, димензии 200x150 см, комбинирана техника, направено од Тамара Грозданова. Автор: д-р Марјана Костојчиноска Узунчева, уметник/професор. Се изложуваат ученички дела кои се работени како дел од проекти за рециклирање. Се рециклираат и создаваат нови дела кои живеат сами за себе.





Exhibition of Student Art Work “**Create-Old into New**”
1.Wooden Diptych, Untitled, size 150x80 cm, combined techniques, by Andrea Velkovska/ 2.Cardboard Diptych, Untitled, size 100x70 cm, combined techniques, by Andrea Velkovska
/ 3.Hanged shape/dress, Untitled, size 200x150 cm, combined techniques, by Tamara Grozdanova / Author: Professor Marjana Kostojchinoska Uzuncheva PhD, artist/professor. An exhibition of art pieces created by students, made as part of projects on recycling. New pieces are recycled and created once again.

# Креативно Скопје - градот на иднината
## Creative Skopje - The City Of Future

Приватна детска градинка СПИРИТ
Соња Чаловска-педагог/директор
Цена Плавевска-педагог/воспитувач

Делото кое ќе се изработува претставува футуристички поглед на градот Скопје, односно како децата го доживуваат и замислуваат својот град во иднината. Градот ќе се изработува од гајби, мали кутии, картони, шпатули, темперни бои и друг разновиден материјал кој ќе го одберат децата. Дел од поставката ќе се изработува во градинката СПИРИТ, а преку едукативно-креативни работилници со децата за време на настанот, делото ќе се доработува.

Private kindergarten SPIRIT
Sonja Chalovska - padagogist/head teacher
Cena Plavevska - pedagogist/educator

The piece that will be made represents a futuristic view of the city of Skopje, the way children perceive and imagine their city of the future. The city will be made of crates, small boxes, card board, spatulas, water colors and different types of materials chosen by the children. Part of the city will be made in the kindergarten SPIRIT, and through an educational-creative workshop everything else will be created together with the children.





# Мириса на дожд
## Smells like rain

Милена Атанасова – моден дизајнер,
Неда Дамчевска – графички дизајнер.

Работилница за деца Мириса на дожд.

Milena Atanasova – fashion designer
Neda Damchevska – graphic designer

Children workshop: Smells like rain.

# Изработка на лантерни од рачно изработена хартија, медиум: целулоза

**Креативна работилница**

# Handmade paper lantern workshop, media: cellulose

**Creative workshop**

**Ментор**: Ива Јосифова.
**Учесници**: Теодора Ангеловска, Кристијан Димишковски, Сара Костадиновска, Симона Георгиевска, Арифе Касуми, Тамара Живковиќ (СУГС Владо Тасевски, Скопје).

**Идејата** е, пред сè, преку медиумот ЦЕЛУЛОЗА, или како што е познат кај нас, рачно изработена хартија, да се развие еколошката свест. Работилницата вклучува неколку моменти, креативниот, каде што со изработување на светлечки објекти – лантерни, се запознаваат со самиот медиумот, како и теоретскиот - запознавање со процесот на изработка на хартијата (европски и јапонски тип на хартија). Во целиот процес вградуваат најразлични листови, цветови, коноп и конци, како и цртеж и комбинација со весници – индустриска хартија, каде што освен што рециклираат, создаваат уметничко дело.

**Mentor**: Iva Josifova.
**Participants**: Teodora Angelovska, Kristijan Dimishkovski, Sara Kostadinovska, Simona Georgievska, Arife Kasumi, Tamara Zhivkovikj (SUGS Vlado Tasevski, Skopje).

Above all, **the main idea** is to raise environmental awareness through CELULOSIS, or hand-crafted paper, as a medium. The Workshop consists of several stages. Creative – during which through the creation of lighting objects – lanterns, the participants will familiarize themselves with the medium itself, as well as theoretical, that will allow the participants to learn about the paper making process (European and Japanese types of paper). The entire process involves embedding various leaves, flowers, hemp and threads, as well as drawings and combinations of newspapers – industrial paper which is not only recycled but at is also molded into artistic pieces.







# Моден дизајн и моделирање

**Креативна работилница**

# Fashion design and modeling

**Creative workshop**

**Ментор**: Маре Трајковска Стефаноска – моден дизајнер.
**Учесници**: Учениците од СУГС Кочо Рацин, Скопје.

**Програма** за работа со средношколци. Целта на програмата е создавање на колекција, односно, преку самиот процес да го осознаат модниот дизајн и неговите карактеристики и да го искусат процесот на создавање на една колекција од модна илустрација, техничка скица, избор на текстил до изготвување на кројка, кроење и шиење. Всушност, од создавање на модно досие, до реализација на избраните аутфити.

**Mentor**: Mare Trajkovska Stefanoska – Fashion Designer.
**Participants**: Students from SUGS Koco Racin, Skopje. This **programme** entails working with high school students.

The objective of this programme is to create a fashion collection, and by doing so, to learn more about the process of creating one such collection. Starting by drawing a fashion illustration, creating a technical sketch and selecting the textile, to preparing the cut and sawing. That way, the participants will learn how to create a fashion records and transform them in actual clothing items.

# 3D видео анимација за Скопје

**Креативна работилница**

# 3D Video Animation For Skopje

**Creative workshop**

**Ментор**: м-р Бобан Јоксимоски, асистент на ФИНКИ.
**Учесници**: Средношколци од СУГС ,,Раде Јовчевски - Корчагин", СУГС ,,Јосип Броз Тито" СМУГС Д-р ,,Панче Караѓозов"

**Цел**: Изработка на видео анимација за Скопје користејќи го софтверскиот пакет Maya.

**Бобан Јоксимоски** е роден 1986 година во Скопје. Дипломирал на ФЕИТ во 2008 година, а магистрирал на студиската програма Софтверско инженерство на ФИНКИ. По дипломирањето кратко работел како соработник на Факултетот за информатика при Европскиот универзитет и како 2Д/3 Д компјутерски аниматор, веб и апликациски програмер. Сега е асистент-докторант на ФИНКИ по предмети од областите дизајн и програмирање. Повремено е консултант во областа на компјутерски анимации и специјални ефекти.

**Mentor**: M.Sc. Boban Joksimovski – Assistant Professor at the Faculty of Computer Science and Engineering.
**Participants**: High school students from Skopje.
Purpose: Creating a video animation for Skopje, using Maya as their software tools.

**Boban Joksimovski** is born in 1986 in Skopje. He graduated from the Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies in 2008, and earned his Master Degree in Software Engineering at the Faculty of Computer Science and Engineering. After his Bachelor studies, he briefly worked as an assistant and as 3D/2D computer animator, web and application programmer. He is currently an Assistant – PhD. Candidate at the Faculty of Computer Science and Engineering. Sporadically, he works as a computer animation and special effects consultant.





# Изразување преку медиум плакат

**Креативна работилница**

## Creative expression trough poster

**Creative workshop**

**Ментор**: М-р Ладислав Цветковски, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ликовни уметности.
**Соработник**: М-р Ангелина Дамјаноска- Наумоска, професор по визуелни уметности во средното училиште „Јосип Броз Тито" во Скопје.
**Учесници:** Ученици од трета година, ИБ програма, средно училиште „Јосип Броз Тито": Сандра Ангеловска, Дафина Андонова, Борјана Балова, Теодор Граматниковски, Данило Димитриевски, Живко Дуев, Бојана Ѓорѓиева, Анастасија Јовановска, Катја Кочишки, Михаил Насковски, Филип Наумовски, Ерина Николова, Дамјан Самарџиевски, Сергеј Сарчевски, Маргарита Ташулова, Јана Трбогазова, Тијана Тројнко, Филип Цветков и Марија Пољакова.

**Концепт**: Преку кус преглед на историјата на плакатот, спецификите на овој визуелен медиум и употребата на дигиталната технологија за негово создавање, учениците се запознаа со процесот на изработка на плакат. Преку дискусија и практична работа научија како да развијат идеја, визуелен концепт и слоган. Се запознаа со техничките и изразните можности на професионалните софтверски апликации и начинот на нивно правилно користење.

**Mentor**: Associate Professor, MA Ladislav Cvetkovski, Professor at "Ss. Cyril and Methodius University" in Skopje, at the Faculty of Fine Arts in Skopje.
**Collaborator**: MA Angelina Damjanoska – Naumoska, Professor of Visual Arts at "Josip Broz - Tito" High School of Skopje.
**Participants**: Students of third year, IB Programme, "Josip Broz - Tito" High School - Sandra Angelovska, Dafina Andonova, Borjana Balova, Teogor Gramatnikovski, Danilo Dimitrievski. Zhivko Duev, Bojana Gjorgjieva, Anastasija Jovanovska, Katja Kochishki, Mihail Naskovski, Filip Naumovski, Erina Nikolova, Damjan Samardjievski, Sergej Sarchevski, Margarita Tashulova, Jana Trbogazova, Tijana Trojnko, Filip Cvetkov and Marija Poljakova.

**Through a brief overview** of the history of posters, the specifications of this visual medium and the use of digital technology for the purpose of its creation, the students have learned about the process of creating a poster. Through discussions and practical work, they have learned how to develop their ideas, visual concepts and slogans. The students have also acquainted themselves with the technical and expression possibilities of professional software applications and their correct usage.

## **Меѓународен балкански универзитет** / Факултет за уметност и дизајн

Факултетот за уметност и дизајн располага со три студиски програми: Графички дизајн, Визуелна уметност со ликовна педагогија и Визуелна уметност и медиуми. На Одделот за **графички дизајн** се вклучени курсеви на кои се посветува внимание за развој на специфични вештини, вклучувајќи типографија, илустрација и пакување, како и употреба на графички дизајн софтвер за 3D дизајн, веб-дизајн и интерактивни мултимедијален дизајн, преку комбинирана употреба на бои, слики, текст, звук и движење. **Визуелна уметност со ликовна педагогија** е оддел каде што студентите создаваат дела кои се првенствено од визуелна природа. Визуелната или ликовната уметност го има визуелното изразување како основен јазик за комуникација. Студентите имаат можност да ги запознаат и изучат визуелните дисциплини од областа на ликовната и применетата уметност како: цртежот, графиката, сликарството, вајарството и мултимедијата. Исто така, во рамките на оваа програма се предвидени педагошки предмети неопходни за степенот дипломиран ликовен педагог. **Визуелна уметност и медиуми** е една од новите студиски програми воведена како резултат на зголемената потреба од интердисциплинарни медиуми во светски рамки. (Александра Ристовска – декан).




## **International Balkan University** / Faculty of Art and Design

The Faculty of Art and Design involves three different departments: Department of Graphic Design, Department of Visual Arts and Art Education and Department of Visual Arts and Media. The Department of Graphic Design includes courses that teach students specific skills including typography, illustration and packing, as well as the use of graphics design software for 3D design, web page design and interactive multimedia design, through a combined use of colors, images, text, sound, paper, artwork and motion. The Department of Visual Arts and Art Education is a department where students create works which are primarily of visual nature. The core of visual art is the possibility to interact by using visual communication as a language. The students will be taught and learn about the different visual and applied art disciplines and techniques, such as drawing, graphics, painting, sculpture and multimedia. In addition, this programme includes pedagogy courses, which are essential to BA in Visual Arts degree. Visual Arts and Media is one of the newest study programmes introduced as a result of the need of interdisciplinary media on international level. (Aleksandra Ristovska - Dean of the Faculty).

## **Универзитет за аудиовизуелни уметности,** Европска филмска, театарска и танцова академија, Скопје – Париз – Ротердам – Есен

Универзитетот црпи искуства од соработките со реномирани европски образовни институции како што се: Rotterdam Dance Academy од Ротердам, Холандија, Folkwang University of the Arts од Есен, Германија, и ESRA од Франција, со коишто има склучено договори за соработка при реализирањето на студиите и заеднички студентски проекти. Универзитетот на студентите им нуди на располагање најсовремена техника со што тие ги имаат сите потребни услови за квалитетно следење на наставата и совладување на наставните програми. Универзитетот за аудиовизуелни уметности го сочинуваат три факултети и два института на коишто се одвива настава на прв и втор циклус студии: ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕАТАРСКИ УМЕТНОСТИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТА МУЗИКА, ИНСТИТУТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ, ИНСТИТУТ ЗА СЦЕНСКИ УМЕТНОСТИ (На вас е редот! Акција! Јордан Плевнеш –ректор). ЕСРА, Скопје, Програма: Театарска претстава (Ментор: Мето Јовановски), Изложба на фотографии (Ментор: Роберт Јанкулоски).

## **University of Audiovisual Arts,** European Film, Theatre and Dance Academy, Skopje – Paris – Rotterdam – Essen

The university draws and builds its experiences by collaborating with renowned European education institutions, such as Rotterdam Dance Academy from Rotterdam, Netherlands; Folkwang University of the Arts from Essen, Germany; ESRA from France. Cooperation agreements to aid and support studies and common projects have been signed with each of these institutions. The University offers the most modern technique to each and every student, granting them the conditions needed to attend high-quality lectures and master the study programmes. The University of Audiovisual Arts consists of three faculties and two institutes, including the Faculty of Film Arts, the Faculty of Theatre Arts, Faculty of Sound Production and Applied Music, the Institute of Audiovisual Arts and the Institute of Scene Arts, all of which provide first and second cycle study programmes. (It's your turn now! Action! Jordan Plevnesh, The Rector of the University). ESRA, Skopje, Program: Theater performance (Mentor: Meto Jovanovski), Foto Exhibition (Mentor: Robert Jankuloski).



## Архитектонски факултет Скопје

**ВЛЕЗИ**

Миа Шириќ, апсолвент-магистрант на Архитектонски факултет - Скопје
Редовен проф. Елизабета Аврамовска, академски сликар

Студенти соработници:Теодора Богданоска / Стефан Василевски / Ивана Милева/ Љубица Ефтимова / Ивана Коцевска / Андријана Ристевска/ Христина Царовска/ Марија Грчева / Меjада Калиси / Калина Прелиќ / Андријана Ристевска / Симона Галазова / Симона Миладиновска / Пале Јанева / Ивана Илиевска / Мартина Велковска / Бисера Несторовска / Стефанија Атанасовски / Моника Аспровска / Јордан Лазорски / Виолета Јованова / Христијан Марковски. Делото претставува 3Д транскрипција на сликата на собата на Ван Гог. Собата ќе биде изведена од разни видови картони и лесонит, како 3Д релјеф кој продолжува, излегува во просторот како макета. Идејата е да им овозможиме на гледачите да влезат во собата на ВанГог, но истовремено и да ја внесеме неговата соба во нашата реалност и да овозможиме интеракција меѓу посетителите и уметноста. Тој заемен контакт ќе го реализираме преку изработка на релјефни и скулптурални елементи во композицијата која ќе содржи и вистинска стол на кој посетителите ќе можат да седнат. facebook.com/mia.shirik, facebook.com/beti.avramovska

## Faculty of Architecture, Skopje

**ENTER**

Mia Shirikj, Senior MA at the Faculty of Architecture of Skopje
Professor Elizabeta Avramovska, academic painter.

Students Collaborators: Teodora Bogdanoska/Stefan Vasilevski/Ivana Mileva/Ljubica Eftimova/Ivana Kocevska/Andrijana Ristevska/Hristina Carovska/Marija Grcheva/Mejada Kalisi/Kalina Prelikj/Andrijana Ristevska/Simona Galazova/Simona Miladinovska/Pale Janeva/Ivana Ilievska/Martina Velkovska/Bisera Nestorovska/Stefanija Atanasovski/Monika Asprovska/Jordan Lazorski/Violeta Jovanova/Hristijan Markovski. The piece is a 3D transcription of Van Gogh's painting – The Bedroom. The Bedroom will be exhibited and made of various types of cardboard and fibreboard, as well as 3D reliefs which expand beyond the model's space. The idea is to allow the audience an entrance Van Gogh's Bedroom, but also to enter the Bedroom in our reality and the visitors to interact with art. The mutual contact will be achieved by the creating and addition of relief and sculptural elements to the composition, that will include a real chair on which the visitors can sit. facebook.com/mia.shirik, facebook.com/beti.avramovska





## Машински факултет, Скопје

**ECO WORLD - изложба на прототипи**

Група студенти од насоката Индустриски дизајн на Машинскиот факултет. Студентите од насоката Индустриски дизајн изработија прототипи на светилки и парчиња мебел во рамките на предметот ЕКО дизајн, под менторство на проф. д-р Татјана Кандикјан. Со примена на сознанија и принципи од областа на еколошкиот дизајн, студентите постигнаа креации на производи со висока естетика. Студенти: ECLIPSE LAMP/Милош Соколиќ, 2016, SINUSOIDAL LINES/Кристина Димовска, 2016, PARTICLE LAMP/Ангел Костески, 2016, TREE-PIECE TABLE/Владимир Апостолски, 2016, KOLMIO/Ангела Лабоска, 2016, NUAGE-FLO LAMP/Александра Алексовска, 2016, BENIYA LAMP/Андреј Ѓорѓиевски, 2016, LUNO/Андреј Павлов 2016, ZINNIIA/Анастасија Цикарска, 2016, RHINO/Огнен Маневски, 2016.

## Faculty of Mechanical Engineering, Skopje

**ECO WORLD – exhibition of prototypes**

A group of students at the Department of Industrial Design at the Faculty of Mechanical Engineering. The students of Industrial Design have built prototypes of lighting pieces and furniture as part of their course on ECO Design, mentored by Professor Tatjana Kandikjan, PhD. Using their ECO design knowledge and principles, the students were able to create products with exquisite levels of aesthetics. ECLIPSE LAMP, Milosh Sokolikj, 2016 / SINUSOIDAL LINES, Kristina Dimovska, 2016 / PARTICLE LAMP, Angel Kosteski, 2016 / TREE-PIECE TABLE, Vladimir Apostoloski, 2015 / KOLMIO, Angela Laboska, 2016 / NUAGE-FLO LAMP, Aleksandra Aleksovska, 2016 / BENIYA LAMP, Andrej Gjorgjievski, 2016 / LUNO, Pavlov Andrej, 2016 / ZINNIIA, Anastasija Cikarska, 2016 / RHINO, Ognen Manevski, 2016



## **Универзитет Американ Колеџ Скопје**, Факултет за архитектура и дизајн



### „Различностите се привлекуваат“ – изложба на постери

Проф. Тони Васиќ
Студенти од втора година

Со овој проект, студентите со педестина постери ќе ни дадат нивно лично мислење и критички осврт како на секојдневните, така и на глобалните проблеми со кои се среќаваме. Целта на овој проект е креативниот потенцијал на студентите да биде ставен во функција на подигнување на јавното мислење за суштинските разлики кои можат да не обединат, за подобро меѓусебно разбирање.

## **University American College Skopje,** School of Architecture and Design



### „Differences attract each other“– poster exhibition

Prof. Toni Vasic
Second year students

With this project, the students through the medium of posters express their personal opinion and cast a critical discourse towards everyday life but as well as toward the global problems whit which we cross paths. The aim of this project is boosting the creative potential and applying the energy as a public opinion in context of the differences that could actually unite us.

## Катедрата по графика и ликовна педагогија при ФЛУ
## Фондација „Драгутин Аврамовски-Гуте„

### Изложба на графики и постери

Проф. М-р. Ладислав Цветковски

Од 1988 година, Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Фондацијата „Драгутин Аврамовски-Гуте“, традиционално ја организираат студентската ИЗЛОЖБА НА ГРАФИКА. Која три децении е дел од професионалните искуства кои ги стекнуваат студентите на ФЛУ. Приватната компанија Сетком од 1990 година ја поддржува оваа манифестација.
По иницијатива на проф. м-р Ладислав Цветковски во 2011 година, оваа изложба се оддржува за прв пат надвор од ателјеата на Факултетот за ликовните уметности, односно во Чифте амам кој е дел од Националната галерија на Република Македонија. Ова продолжува и следните години се до 2014 кога повторно се враќа во ФЛУ, но овој пат во новотворената галерија на факлуптетот. Во 2015 година оваа изложба за прв пат се прикажува во странство. Во организација на професорите Гоце Наневски, Славица Јанешлиева и Ладислав Цветковски селектирани дела од изминатите години се прикажани во Солун, Грција.
Во 2012 година за прв пат во историјата на оваа манифестација дизајнот за плакатот го работат студентите на ФЛУ кои ја посетуваат наставата на модулот Графички дизајн. За најдобро решение и официјален плакат за изложбата е одбран плакатот дизајниран од студентите Милан Костадиновски и Димитар Мајнов. 2013 година плакатот дизаниран од страна на студентката Бранкица Јордановска станува официјално лого на фондацијата „Драгутин Аврамовски-Гуте“. Од 2012 година до денес официјалниот дел на изложбата кој е фокусиран на промоцијата на графиката како уметничко изразно средство преку изложување на графики изработени од студенти од прва до четврта година од катедрата по графика и ликовна педагогија при ФЛУ. Паралелно на официјалниот изложбен дел се прикажуваат и плакатите изработени од студентите по графички дизајн на ФЛУ. Со ова и графичкиот дизајн станува дел од манифестацијата посветена на проф. Драгутин Аврамовски – Гуте, еден од основоположниците на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

## Institute of Print and Pedagogy, Faculty of Fine Arts
## Foundation “Dragutin Avramovski-Gute”

### Prints and Posters Exhibition

Prof. Ladislav Cvetkovski, MA

Since 1988, The Faculty of Fine Arts, St Cyril and Methodius University together with the “Dragutin Avramovski-Gute” Foundation organizes the annual student exhibition of prints. This exhibition is part of the professional experience that the students obtain. The company Setkom is the main financial supporter since 1990.
Under the initiative of Prof. Ladislav Cvetkovski in 2011, this exhibition goes out of the premises of the Faculty and sets up the scenario at the Cifte Amam gallery space, part of the National Gallery of Macedonia. The momentum continues in the years to follow and 2014 makes a comeback however at the newly opened gallery of the Faculty for Fine Arts. 2015 the exhibition goes abroad in front of an international audience. A selection of prints and organized by Goce Nanevski, Slavica Janeslieva and Ladislav Cvetkovski are shown in Thessaloniki, Greece.
In 2012 the official exhibition poster is designed by the students themselves. Out of all proposed designs, which are all exhibited, the exhibition organization selects the best poster in addition the prints exhibition. 2012 praises the designs of Milan Kostadinovski and Dimitar Majnov. 2013 the best designed poster comes from the student Brankica Jordanovska which design becomes the official logo of the Foundation “Dragutin Avramovski-Gute”. Since 2012 in the wake of the official prints exhibition, the organization accentuates the poster exhibition as well which nowadays became a crucial part of the manifestation itself. This exhibition is one of the most important print making exhibition in Macedonia which goes on for 30 years as continuous process, a part of the educational path of the students and the Institute of Print and Pedagogy. The Foundation praises Dragutin Avramovski-Gute who was one of the founders of the Faculty of Fine Arts in Skopje.

## MAGDA Summer GameDev Travelling Sideshow - презентација
## MAGDA Summer GameDev Travelling Sideshow - presentation

Македонска асоцијација за развивање игри – МАГДА Битола; Петар Котевски, претседател на МАГДА, Сузана Трајковска – Кочанковска, проект-менаџер. Мини изложба на видео игри кои во моментов се изработуваат на територијата на Република Македонија, со можност да се испробаат и да се поразговара со нивните автори.

Macedonian Game Development Association – MAGDA Bitola. Petar Kotevski – President of MAGDA; Suzana Trajkovska – Kochanovska, Project Manager. A mini-exhibition of video games which are currently being developed in the Republic of Macedonia. The audience will be able to sample and try the games and talk to their creators.





## Зголемување на пазарната вработливост (Increasing Market Employability) – IME, поддршка на нови и постоечки стартапи и бизниси – презентација

**Емилија Јованова Стоилкова**, експерт за развој на вештини. Целта на оваа иницијатива е да им се помогне на младите дизајнери-претприемачи во процесот на развој на својата бизнис-идеја преку предакцелерациска програма како менторска поддршка од искусни претприемачи со една долгорочна цел услугите за поддршка на стартапи да бидат достапни до пошироката јавност и во иднина да се користат од страна на помладите дизајнери-претприемачи.

**Increasing Market Employability – IME, support of new and existing startups and businesses**
**Emilija Jovanova Stoilkova**, Skill Development Expert. The aim of this initiative is to help young design entrepreneurs build their business ideas by including them in a pre-acceleration programme, as well as providing mentor support by experienced entrepreneurs. The long-term goal is to provide support services for startups, as well as the general public and make them available to any young design entrepreneur in the future.

# Концерт на PorChé Ne Трио / Imaginary Folklore

Лео Ценовезе - пиано, електроника, саксофон, ударни инструменти и вокал / Франческо Маркоци – контрабас, ударни инструменти и вокал / Александар Петров, тапан и вокал.
Триото **PorChé Ne**, е една космоплитска мешавина на три силни музички личности кои потекнуваат од Аргентина, Италија и Македонија. Со употреба на различни музички идиоми, како што се џез, етиописки, нава, традиционална и современа класична музика, балкански и јужно-американски мелос, PorChé Ne создаваат музичка трансверзала меѓу повеќе континенти, култури и луѓе од целиот свет, силно навлегувајќи во нивната взаемна интеракција, како и во нивните композиции и аганжмани. Во периодот од само една година откако овие момци ги здружуваат своите таленти, PorChé Ne, имаа можност да настапат на повеќе настани во САД, Австрија и Македонија. Создавајќи свој звучен спектрум, ова Трио е во постојана потрага по нови насоки за истражување.

# PorChé Ne Трио / Imaginary Folklore

Leo Genovese - piano, electronics, sax, percussion & vocals / Francesco Marcocci - double bass, percussion & vocals / Aleksandar Petrov - drums, tapan &vocals. **PorChé Ne Trio** is a cosmopolitan mixture of three strong musicalpersonalities from Argentina, Italy & Macedonia. Borrowing from various music idioms and forms such as Jazz, Ethiopian, Gnawa, Traditional &Contemporary Classical, Balkan and South American - to name a few – their music represents a transversal between continents, cultures and people from all over the globe, which is incorporated in their interplay, original compositions and arrangements. Within only one-year since they joined forces, PorChé Ne has performed many shows in USA, Austria and Macedonia establishing its own sonic spectrum while constantly seekingnew paths to explore.



# Ди-џеј Ивана Низам

Ивана Низам е девојка од Скопје која почна да се занимава со диџејство од причина што ја сака музиката на којашто си шизи по дома и сака да ја сподели со другите. Од бендовите што најмногу имаат извршено влијание на неа ги издвојува The XX , MGMT, Florence and the Machine, Twin Shadow, Disclosure, TameImpala, Metronomy... Музиката која ја пушта би се сместила во весел indie-poprock, indie/electro...

# DJ Ivana Nizam

**Ivana Nizam** is a girl from Skopje who started DJ-ing merely for the purpose of sharing the music she adores and dances to around the house. She states that she is greatly influenced by The XX , MGMT, Florence and the Machine, Twin Shadow, Disclosure, Tame Impala, Metronomy... The music she likes to play would be considered bright indie-pop rock, indie/electro. Ivana's only goal is to make her listeners move. In the past two years, she has been playing music at several locations in Skopje, while being a part of Radio MOF's music team.





# Ди-џеј Виолета Качакова

**Виолета Качакова** во моментов е една од најинтересните и најпопуларни појави на скопската клупска сцена. Нејзината диџеј кариера е резултат на нејзината животна опсесија со музиката, добриот вкус и десетгодишното искуство во култното скопско радио, Канал 103. Нејзината клупска приказна започнува во 2012 година кога својата забележителна активност во ПМГ Рекордингс ја проширува со диџеј настапи низ скопските клубови. Нејзината резиденција ЧИСТА ШМИНКА, со повеќе од 4 години континуитет е една од најдолгите во градот. Освен настаните на ПМГ, сè почесто може да ја сретнете низ вообичаените скопски локали каде што со извонредниот избор на техно, хаус, електро (но и широк спектар на музички стилови) и убедливата појава и микс, силно го привлекува вниманието на публиката.

# DJ Violeta Kachakova

**Violeta Kachakova** is one of Skopje's latest clubbing discoveries. Her djing career is deeply rooted in her life long obsession with music, along with excellent personal taste and 10 years of committed work at local cult alternative radio Kanal 103. Her dj clubbing history starts around 2012, when she decides to expand her creative activities as a crucial member of PMG Recordings. Her first djing residency CHISTA SHMINKA is still alive and going on after 4 years now and is one of the longest around. Apart from playing PMG events, she's now a regular at different Skopje venues, where she practises her taste for mix and music, playing strong selection of house, techno and electro.

# ФДУ Скопје - Портрет

Претставување на **Катедрата по филмска режија при Факултетот за драмски уметности** на УКИМ. Колаж на филмови од повеќе автори со различен естетски и режисерски пристап на темата ПОРТРЕТ. (Every portrait that is painted with feeling is a portrait of the artist, not of the sitter. Oscar Wild). Режисери: Коста Марковски, Батухан Ибрахим, Борјан Стојков, Борјан Зафировски (професор).

A presentation of the **Department of Film Direction at the Faculty of Dramatic Arts** at Ss. Cyril and Methodius University. A collage of films of various actors with different aesthetic and directorial approach to the concept of PORTRAIT. (Every portrait that is painted with feeling is a portrait of the artist, not of the sitter. Oscar Wild). Directors: Kosta Markovski, Batuhan Ibrahim, Borjan Stojkov, Borjan Zafirovski (professor).



**ЕСРА**, **Скопје**, Програма: Кратки филмови во режија на Марко Црногорски, Трифун Ситниковски, Ибрахим Деари, Ана Алексовска (Ментор: Сашо Павловски).

**ESRA**, **Skopje**, Program: Short films by Marko Crnogorski, Trifun Sitnikovski, Ibrahim Deari, Ana Aleksovska (Mentor: Saso Pavlovski).



# Фестивалски Форум – Скопје креатива 2017
# Festival Forum – Skopje kreativa 2017

Целта на фестивалскиот Форум е да ги поврзува и интегрира кон отворена комуникација - креативната заедница од доменот на уметноста и дизајнот, со заедниците на македонскиот бизнис (бизнис ангели – инвеститори), македонската стартап заедница, акцелераторите, хабовите, инкубаторите и ко-воркинг просториите во Скопје, Македонија; фондовите и фондациите, вклучувајќи ги македонските медиуми со фокус на истражување и промовирање на иновативност и инвентивност во сите области на човечката продуктивност.

The purpose of the Festival Forum is to connect and integrate toward open communication between the arts &crafts community and the business communities (business angels – investors), Macedonian startup community, accelerators, hubs, incubators and co-working spaces in Skopje, Macedonia; funds and foundations, including the Macedonian media with focus on researching and promotion of innovations and inventions in all areas of human productivity.

**ПРОГРАМА / PROGRAM (6 мај, 2017)**

**Главен гостин** / Key speaker
Франк Циренберг / iF Меѓународен дизајн форум
Frank Zierenberg, If International Forum Design GmbH

**Модератори** / Moderators
Иван Мирковски / Ivan Mirkovski, Нина Николиќ / Nina Nikolikj

**Учесници / Participants**
1. Кристина Лозановска, Горјана Јордановска / Отворена уметност
Kristina Lozanovska, Gorjana Jordanovska / Open Art

2. Газменд Ајруловски, CTO &co-founder @ INS / (ИТ) продукти и што со нив откако ќе ги развиеме / (IT) Products and what to do with them after they have been developed / Gazmend Ajrulovski, CTO & co-founder @ INS

3. Марија Милошевска / #МАкедонскаМушичКА
Marija Miloshevska / #MAcedonianFLY

4. Маја Ѓуреска / Проект: Тактилис
Maja Gjureska / Project: Taktilis

5. Неда Дамчевска, Милена Атанасова / Проект: Мириса на дожд
Neda Damchevska, Milena Atanasova / Project: Smells Like Rain

6. Модулар / Нина Нинеска
Modular / Nina Nineska

7. Летз – првиот АКТИВЕН асистент за лична продуктивност / Нино Карас
Letz - the world's first ACTIVE personal productivity assistant / Nino Karas

8. Стартап Македонија / Игор Маџов
Startup Macedonia / Igor Madjov

9. Емкице (Euro-Macedonian KIC) / Илија Вучков
EMKICE (Euro-Macedonian KIC) / Ilija Vuchkov

10. Design thinking за развој на (социјални) иновации и нови (социјални) бизниси / Софија Богева, Александар Лазовски / Design thinking for the development of social innovations and new social businesses / Sofija Bogeva, Aleksandar Lazovski

11. Swiss EP – Swisscontact / Start Up Selfie / Нина Николиќ / Nina Nikolikj

12. Предностите од градењето на заедницата / Емир Слезовиќ
The Advantages of Building an Association / Emir Slezovikj

13. Креативноста како почетна точка за основање иновативен бизнис / Катарина Кречева
Creativity as a starting point to creating an innovative business / Katarina Krecheva

14. Фондација ПСМ / Оливера Аритоноска
YES Foundation / Olivera Aritionoska

15. Фотографијата и видеото како клучна содржина во веб-дизајнот во Македонија / Димитар Атанасов / Photography and video as key content of web-design in Macedonia / Dimitar Atanasov

16. CEED HUB Skopje / Swiss Contact / IME / Ѓорѓи Кушевски / Gjorgji Kushevski / Лидија Дамческа / Lidija Damcheska / Емилија Јованова Стоилкова / Emilija Jovanovs Stoilkova

17. Crowdfunding како алтернативен концепт за финансирање / Иван Јованов, Илија Станковски / Crowdfunding as an alternative concept to funding / Ivan Jovanov, Ilija Stankovski

# TEDx Септемвриска сесија/ Салонски настан

## Креативните индустрии - спектар на можности или затворен круг на идеи?

Таленти насекаде, дел познати, дел неоткриени. Колку од нашите креативни таленти добиваат можност за професионален развој и напредок во земјава? Додека креативните индустрии во Велика Британија достигнуваат 8.9% раст на годишно нив и додаваат вредност од речиси 87 билиони фунти во економијата, во Република Македонија дел од гранките на креативните индустрии стагнираат, а дел се чини дека изумираат.

Гости-експерти на настанот: **Проф. д-р Гордана Вренцоска / Gordana Vrencoska** - уметник и дизајнер. Во 2005 година магистрира на студиите по дизајн на Central Saint Martins' School of Art and Design London, како Чивнинг стипендист. Докторира во 2016 година на Институтот за фолклор при УКИМ, на тема „Македонски визуелен идентитет: дизајнот како можност за еволуција на традициите од визуелното културно наследство". Зад себе има 13 самостојни изложби и голем број групни изложби низ светот. Има реализирано голем број дизајнерски проекти, како автор и консултант. Од 2006 година до денес е професор на Факултетот за арт и дизајн, ЕУРМ Скопје. Предава неколку предмети, меѓу кои: Методологија на дизајнирање, Визуелни комуникации и Дизајн концепт. Од 2011 година е и продекан на Факултетот за арт и дизајн. **Проф. д-р Мишко Ралев / Mishko Ralev** е еден од основачите на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ Скопје (УАКС), Скопје. Дипломира на Архитектонскиот факултет на УКИМ, Скопје, каде што и ја започнува својата едукативна кариера. До 2007 година работи како асистент и доцент на истиот факултет, а од 1995 до 2007 работи и како асистент, а подоцна и доцент, на Шумарскиот факултет, насока Проектирање на мебел и ентериер. Во 2007 г. се префрла на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС каде што предава група предмети од областа на проектирање на ентериери. Паралелно со образовната дејност, арх. М.Ралев активно се занимава и со архитектонско и ентериерно проектирање. Во 1996 г., заедно со арх. В.Еремеева го основаат архитектонското биро „ТАКТ-Инженеринг". Од февруари 2016 г. ја презема функцијата декан на Факултетот за архитектура и дизајн. **Модератор/Moderator, М-р Софија Богева/Sofija Bogeva** - консултант за иновации, а воедно и програмски координатор на СмартАп Лабораторија за социјални иновации, Скопје. **Настанот е поддржан од**: Смарт АП Лабораторија за социјални иновации Скопје, Регионален Центар за социјални иновации, Скопје Креатива **Организација и логистика/Organization and logistics**: Александар Лазовски/Aleksandar Lazoski, носител на TEDx лиценца, Софија Богева/Sofija Bogeva, Николчо Гошев/Nikolco Gosev, Надица Панковска/Nadica Pankovska.





*Ова е независно организиран TED настан лиценциран од страна на TED. Повеќе информации за вакви претходни настани кои СмартАп ги има организирано може да најдете на Фејсбук - @tedxsihsalon. Повеќе информации за ваков тип на TEDxSalon настани може да најдете овде - goo.gl/sfPMOA

# ИМПРЕСУМ / IMPRESSUM

**За издавачот** Вера Бошковска (ЈУ Конгресен центар Александар Македонски, Скопје)

**Организатор** ЈУ Конгресен центар Александар Македонски, Скопје

**Покровител** Град Скопје

**Уредник** Иванка Апостолова

**Вовед:** Коце Трајановски ( Градночалник на Скопје ), Иванка Апостолова ( Програмски директор ), Иван Мирковски ( Куратор )

**Тим – Скопје креатива 2017**

Вера Бошковска – Директор, ЈУКЦАМ, direktor@kongresencentaram.mk

Тања Балаќ – Раководител на Секторот за Јавни дејности, Град Скопје, tanjabalac@yahoo.co.uk

Нада Пешева - Советник за култура во Сектор за јавни дејности, Град Скопје, nadap@skopje.gov.mk

Иванка Апостолова – Програмски директор, ivankaapostolova@gmail.com

Иван Мирковски – Куратор, ivan@mirkovski.com

Адриана Божиноска – Фестивалски координатор, ab_ane@hotmail.com

Зоран Тошевски – Сценограф, toshevskizoran@yahoo.com

Владица Младеновски, Грга – Музичка програма, grga@mkc.mk

Весна Дамчевска (новинар) – Односи со јавност, skopjekreativa15@gmail.com

Изработка на визуелен идентитет - Мекен Скопје

Бренд унион, Скопје – Промоција, социјални мрежи

**Соработници (ЈУКЦАМ)**: Марјан Митровски, Емилија Радосављевиќ, Весна Чујовиќ, Каролина Тодорова, Теодор Бошков, Сашо Филиповски, Мирослав Ивановиќ.

**Дизајн на каталог и промотивни материјали** - Костадин Трајаноски

**Лектор (македонски јазик)** Јасмина Ѓоргиева

**Превод (англиски/македонски јазик)** Симонида Јовановска

**Контакт:**

skopjekreativa.mk/index.php/mk/

facebook.com/SkopjeKreativa/

info@skopjekreativa.mk; info@kongresencentaram.mk

**For the publisher**: Vera Boskovska (JU Kongresen centar Aleksandar Makedonski, Skopje)

**Organizer**: JU Kongresen centar Aleksandar Makedonski, Skopje

**Funded by** City of Skopje

**Editor**: Ivanka Apostolova

**Introduction**: Koce Trajanovski (Mayor of City of Skopje), Ivanka Apostolova (Program director), Ivan Mirkovski (Curator)

**Skopje Kreativa - Team**:

Vera Boskovska - Director, JUKCAM, direktor@kongresencentaram.mk

Tanja Balak – Head of Public Activities Department, City of Skopje, tanjabalac@yahoo.co.uk

Nada Peseva – Advisor of the Public Activities Department, City of Skopje, nada.peseva@gmail.com

Ivanka Apostolova - Program director, ivankaapostolova@gmail.com

Ivan Mirkovski – Curator, ivan@mirkovski.com

Adriana Bozinoska – Festival coordinator, ab_ane@hotmail.com

Zoran Toshevski – Set Designer, toshevskizoran@yahoo.com

Vladica Mladenovski, Grga – Music program, grga@mkc.mk

Vesna Damcevska – Public relations, skopjekreativa15@gmail.com

Design of visual identity - McCann Skopje

Brand Union, Skopje – Public relations; social media

**Collaborators (JUKCAM)**: Marjan Mitrovski, Emilija Radosavljevik, Vesna Cujovik, Karolina Todorova, Teodor Boskov, Saso Filipovski, Miroslav Ivanovik

**Design of the Catalogue and the Promotional materials** - Kostadin Trajanoski

**Proofreading (Macedonian language)**: Jasmina Gjorgieva

**Translation/proofreading (English language)**: Simonida Jovanovska

**Contact:**

skopjekreativa.mk/index.php/mk/

facebook.com/SkopjeKreativa/

e-mail: info@skopjekreativa.mk; info@kongresencentaram.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.77
7.05

DO create co create! : Skopje kreativa, 04-06.05.2017, МКС, Skopje / [уредник Иванка Апостолова ; превод на англиски/македонски јазик Симонида Јовановска] / [editor Ivanka Apostolova ; translation Simonida Jovanovska]. - Скопје : ЈУ Конгресен центар Александар Македонски = Skopje : ПИ Конгресен центар "Александар Македонски", 2017. - 32 стр. : фотографии ; 31x44 см

Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-65933-3-9

а) Млади - Ширење на културата - Креативни индустрии б) Младинска политика - Општествена комуникација в) Креативни индустрии - Работилници
COBISS.MK-ID 103233802

## ПОКРОВИТЕЛ

## ОРГАНИЗАТОР

КОНГРЕСЕН ЦЕНТАР АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ СКОПЈЕ

## ПАРТНЕРИ СОРАБОТНИЦИ

## МЕДИУМСКИ ПАРТНЕРИ

SKOPJE
KREATIVA
Maj, 2017